РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1212

Скопје, 1 април 2020 година

3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) квалитет, безбедност и технологија на млеко и млечни производи на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**доц. д-р Душица Санта**)........207-219
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) ботаника на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**вонр. проф. д-р Елизабета Мискоска-Милевска**)........220-235
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**доц. д-р Ивана Јанеска Стаменковска**).236-260
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**доц. д-р Марина Нацка**)........261-279
7. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Сами Криезиу**)........280

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на 1 соработник во соработничко звање – асистент, од подрачјето на драмските уметности, област ТВ и радиоигра, на Факултетот за драмски уметности во Скјопје (**м-р Милан Тоциновски**)........282-285

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Релациите помеѓу антропометриските, кинезиолошките и биомеханичките параметри кај пациенти со болки во вратот и forward head posture, како и ефектот на цервикоторакалната мобилизација** од **м-р Насер Лаху**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје........286-289
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Споредба меѓу три физиотерапевтски методи во третирањето на долгорочни болки на долниот дел на грбот**, од **м-р Сулејман Мифтари**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје........290-294

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): семејството во мултикултурните општества и историја на семејството на Филозофскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска**)........295-311
2. Рецензија на ракописот **Заштита на деца** од авторите **Наташа Богоевска** и **Сунчица Димитријоска**........312-320
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Драган Костовски**)........321

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: комуникации и мас-медиуми (меѓучовечка комуникација и интеракција, социјална комуникација и когниција, медиумска психологија и применета комуникологија) на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**вонр. проф. д-р Елеонора Серафимовска**)........322-346
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Џавит Ислами**)........347

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): СЕМЕЈСТВОТО ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА И ИСТОРИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, објавен во весниците „Коха” и „Вечер”, на 23.1.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) Друго со шифра 51128 (Семејството во мултикултурните општества) и Друго со шифра 60117 (Историја на семејството), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-310/8 од 12.02.2020 година, донесена на XXVIII редовна седница одржана на 12.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Матевски, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, д-р Македонка Радуловиќ, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет и д-р Тодор Чепреганов, редовен професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Факултет за образовни науки.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) семејството во мултикултурните општества и историја на семејството, во предвидениот рок се пријави д-р Ирена Авировиќ Бундалевска, доцент на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

**22. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Ирена Авировиќ Бундалевска е родена на 18.2.1983 година, во Скопје. Средно образование завршила во ДСУ „Никола Карев”, во 2001 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет ,,Блаже Конески“, насока: италијански јазик и книжевност со шпански јазик и книжевност. Дипломирала на 18.2.2006 година, со просечен успех 9,27.

Кандидатката активно се служи со англискиот, италијанскиот и шпанскиот јазик.

Во 2009 година ги завршила магистерските студии на Универзитетот во Болоња, Италија, „Алма Матер Студиорум “, на Факултетот за политички науки, отсек: меѓународни односи, стекнувајќи се со титулата магистер по источноевропски истражувања и студии. Студиите се завршени со максимална оценка и почест (110 од 110), што е еквивалентно на просечен успех од 10,00. Во учебната 2008/2009 година остварила студиски престој на Универзитетот во Белград, Србија, во времетраење од шест месеци. Магистерскиот труд на тема: „Шема на миграција – шема на сегрегација? Микростудија од Македонија“ бил одбранет на 26.9.2009.

На 27.12.2013 година, кандидатката Ирена Авировиќ Бундалевска ја одбранила докторската дисертација под наслов „Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни" на Институтот за национална историја при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со научен степен - доктор по историски науки.

На 19.12.2014 година е избрана во звањето доцент на Филозофскиот факултет, Институт за семејни студии, во областа семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции.

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен на УКИМ бр. 1088 од 14.11.2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1088/14, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 23. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет – Институт за семејни студии, кандидатката д-р Ирена Авировиќ Бундалевска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Семејни студии, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски Факултет.

Во периодот од февруари 2015 до јануари 2020 година, Ирена Авировиќ Бундалевска одржува настава и вежби на следниве предмети на прв циклус студии на студиската програма Семејни студии: Семејството во антиката (задолжителен предмет), Вовед во семејните студии (задолжителен предмет), Семејството во мултикултурните општества (изборен предмет), Семејството во современото македонско општество (изборен предмет), Историја на семејството 1 (задолжителен предмет) и Историја на семејството 2 (задолжителен предмет).

Во рамките на Институтот за семејни студии, на новоакредитираната програма на прв циклус студии, Семејни студии (која почна со работа од учебната 2018/2019 година), доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска учествува во подготовка и реализација на следниве предмети: Историја на семејството 1 (задолжителен предмет), Историја на семејството 2 (задолжителен предмет), Семејството во мултикултурните општества (задоложителен предмет), Историја на бракот (задолжителен предмет) и Историја на жените (изборен предмет).

Доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска била ментор на 2 дипломски труда.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 11 дипломски труда.

Кандидатката има подготвено две интерни скрипти од предавања, како и три пакет материјали за предмети на прв циклус студии на студиската група Семејни студии.

Кандидатката ги извршува наставните обврски квалитетно, професионално и совесно, и тоа на високо стручно рамниште. Своето знаење успешно го пренесува на своите студенти. Со студентите постапува на професионален и коректен начин. Како потврда на ова се и резултатите од анкетата за квалитетот на остварената настава, организирана од страна на Филозофскиот факултет.

Конкретните активности од наставно-образовната дејност се наведени во табелата Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Ирена Авировиќ Бундалевска од делот наставно-образовна дејност остварила 54,54 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (20) што е неопходно да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор по оваа основа.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Ирена Авировиќ Бундалевска е коавтор на една монографија и има објавено вкупно 14 научни трудови, како автор или како коавтор, од областа семејството во мултикултурното општество и историја на семејството, од кои два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска, база, пет труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подложат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, пет труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и два труда објавени во зборник на високообразовна установа.

Д-р Ирена Авировиќ Бундалевска е национален координатор на еден меѓународен научен прокет во рамките на европската програма COST Action Project: CA18123 под наслов: The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach”.

Својата стручност во областа на комплексниот пристап кон семејството во мултикултурното општество и историја на семејството, кадидатката ја докажува и преку учество на 14 научни и стручни собири со усна презентација на трудот, како и пет апстракти објавени на меѓународни конференции.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Ирена Авировиќ Бундалевска од научноистражувачката дејност остварила 101,6 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (20) што се неопходни за избор во звањето вонреден професор по оваа основа.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во периодот од последниот избор, кандидатката доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска покажува ангажман и во однос на апликативната адејност.

Кандидатката доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска има одржано две предавања на институции од јавен интерес и била дел од стручната редакција на две книги на македонски јазик.

Д-р Ирена Авировиќ Бундалевска е член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание: “International Relations and Diplomacy“ - David Publishing Company од 2015 година и член на редакциски одбор на меѓународното стручно списание „Годишен зборник на Филозофски факултет“ во Скопје со мандат 2015/2016 - 2019/2020 година.

Кандидатката д-р Ирена Авировиќ Бундалевска покажува активна вклученост во стручни собири во улога на член на организационен одбор и има остварено студиски престој во Белград, Србија, во рамките на проектот „Дипломатијата и депоратацијата на македонските Евреи 1943“.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Филозофскиот факултет, меѓу кои:

- Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски (2015), (2016), (2017);
- Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Филозофскиот факултет во Скопје за учебната 2016/2017 (2016);
- Комисија за расходување на основните средства на Филозофскиот факултет во Скопје (2016), (2017);
- Комисија за спроведување на вонреден попис на книги на библиотеките на Филозофскиот факултет во Скопје (2019).

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата констатира дека д-р Ирена Авировиќ Бундалевска од стручно-апликативната дејност остварила 16,5 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (5) што се неопходни за избор во звањето вонреден професор по оваа основа.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Ирена Авировиќ Бундалевска има добиено позитивни оценки од евалуацијата од страна на студентите во изминатите години релевантни за изборот, и тоа:

- евалуација 2015/16, Семејството во антиката, оценка 9,85.
- евалуација 2016/17, Семејството во антиката, оценка 9,70.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ирена Авировиќ Бундалевска. Комисијата заклучи дека доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање вонреден професор.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ирена Авировиќ Бундалевска ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високото образование (пренесени во Образец 1), односно: просечен успех од најмалку 8,00 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно; научен степен - доктор од областа за која се избира; објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација, согласно со ЗВО, во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор; претходен избор во звање -доцент и има способност за изведување на високообразовна дејност.

Според член 11, доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска ги исполнува и посебните услови од Анекс 1 на наведениот Правилник (пренесени во Образец 2), постигнувајќи вкупно 172,54 поени. Таа неколкукратно го надминува минималниот број поени, поединечно по сите три основи (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност), како и минималниот вкупен број поени (80) што се потребни за да биде избрана во звањето вонреден професор.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Ирена Авировиќ Бундалевска да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област Друго со шифра 51128 (Семејството во мултикултурните општества) и Друго со шифра 60117 (Историја на семејството).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.**
**Проф. д-р Македонка Радуловиќ, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Ирена Душан Авировиќ Бундалевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филозофски факултет/ Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: 51128 ДРУГО (СЕМЕЈСТВОТО ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА), 60117 ДРУГО (ИСТОРИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО).**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,27<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех изнесува 9,63 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: 51128 Друго (Семејството во мултикултурните општества), 60117 Друго (Историја на семејството). | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.<br>*<br><br>1. Назив на научното списание: European Journal for Social Sciences Education and Research (EJSER).<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco.<br>2. Наслов на трудот: Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia.<br>3. Година на објава: 2016.<br>*<br>1. Назив на научното списание: International Marketing Journal. Skopje. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база: Ebsco.<br>3. Назив на трудот: Marketing in Multicultural Societies: Understanding and Promoting Family Diversity.<br>4. Година на објава: 2017. | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br><br>*<br>1.Назив на научното списание: Sociological review.<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 7 члена; Македонија 2, Полска 1, Австрија 1, Бугарија 1, Србија 1, Хрватска 1.<br>3. Наслов на трудот: Bulgarian Passports: Existential Necessity or Identity Crisis.<br>4. Година на објава: 2015.<br>*<br>1.Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофскиот факултет<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 11 члена, Србија 2, Велика Британија 1, Ирска 1, Полска 2, Германија 2, Бугарија 1, Хрватска 1,Македонија 1.<br>3. Наслов на трудот: Иселеници повратници: нова перспектива на миграциските истражувања во Македонија.<br>4. Година на објава: 2016.<br>*<br>1.Назив на научното списание: Историја (Journal of History).<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 9 члена, Италија 1, Велика Британија 1, Полска 1, Турција 1, Македонија 5.<br>3. Наслов на трудот: Два британски документа за формирањето на Сеамериканскиот словенски конгрес (25 и 26 април 1942 г.) во Детроит.<br>4. Година на објава: 2017.<br>*<br>1.Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофскиот Факултет<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 11 члена, Србија 2, Велика Британија 1, Ирска 1, Полска 2, Германија 2, Бугарија 1, Хрватска 1,Македонија 1.<br>3. Наслов на трудот: Влијанието на Католичката црква врз семејството во Италија.<br>4. Година на објава: 2017.<br>*<br>1.Назив на научното списание: International Journal for Education, Research and Training (IJERT). | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 35 члена: Македонија 9, Србија 5, Црна Гора 1, Италија 3, Русија 3, Германија 2, Албанија 1, Хрватска 4, САД 1, Словенија 2, Турција 1, Бугарија 1, БИХ 1, Романија 1.<br>3. Наслов на трудот: The Need for Marital Education in Macedonia.<br>4. Година на објава: 2018. | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br><br>*<br>1.Назив на зборникот: Global virtual Conference Proceedings.<br>2.Назив на меѓународниот собир: The 4th Global Virtual Conference.<br>3.Имиња на земјите: Ирак, Индиа, Косово, Италија,Словачка, Албанија, Португалија, Шпанија, Италија,Романија,Полска, Латвиа, Белорусија, Аргентина, Грција, Финска,Србија, Азербеџан итн.<br>4. Наслов на трудот: Youth Perception on Marriage and Married Life: An Analysis from the Republic of Macedonia.<br>5. Година на објава: 2016.<br>*<br>1.Назив на зборникот: Fourth International Conference Proceedings.<br>2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the Global World.<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн.<br>4. Наслов на трудот: Is Cohabitation Good for Marriage? A Look into Family Dynamics in Macedonia.<br>5. Година на објава: 2017.<br>*<br>1.Назив на зборникот: Sixth International Conference Proceedings.<br>2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the global world.<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн.<br>4. Наслов на трудот: Support of Families with a Child with Disabilities in Development.<br>5. Година на објава: 2019.<br>*<br>1.Назив на зборникот: Sixth International Conference Proceedings.<br>2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the global world.<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн.<br>4. Наслов на трудот: United Nations' Contribution to Families (Focus on Family International Day).<br>5. Година на објава: 2019. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | *<br>1.Назив на зборникот: Зборник на трудови - 70 години – организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија.<br>2.Назив на меѓународниот собир: 70 години – организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија.<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Србија, Хрватска, БиХ, Словенија, Косово итн.<br>4. Наслов на трудот: Семејството и интелектуалната попреченост.<br>5. Година на објава: 2019. | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **Билтен бр.1088, 14.11.2014 год.** | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Ирена Душан Авировиќ Бундалевска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет/Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: 51128 друго (семејството во мултикултурните општества), 60117 друго (историја на семејството).**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **21,2** |
| 1. | Семејството во антиката, летен семестар 2014/2015 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 2. | Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2015/2016 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 3. | Семејството во антиката, летен семестар, 2015/2016 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 4. | Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2016/2017 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 5. | Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2016/2017 (2*15*0,04) | 1,2 |
| 6. | Семејството во антиката, летен семестар, 2016/2017 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 7. | Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2017/2018 (2*15*0,04) | 1,2 |
| 8. | Семејството во антиката, летен семестар, 2017/2018 (3*10*0,04) | 1,2 |
| 9. | Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2017/2018 (2*10*0,04) | 0,8 |
| 10. | Историја на семејството 1, летен семестар, 2018/2019 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 11. | Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2018/2019 (2*15*0,04) | 1,2 |
| 12. | Историја на семејството 2, зимски семестар, 2019-2020 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 13. | Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2019-2020 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 14. | Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,04) | 1,2 |
| **2.** | **Одржување на вежби од прв циклус студии** | **12** |
| 1. | Семејството во антиката, летен семестар 2014/2015 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 2. | Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2015/2016 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 3. | Семејството во антиката, летен семестар, 2015/2016 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 4. | Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2016/2017 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 5. | Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2016/2017 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 6. | Семејството во антиката, летен семестар, 2016/2017 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 7. | Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2017/2018 (2*15*0.03) | 0,9 |
| 8. | Семејството во антиката, летен семестар, 2017/2018 (2*10*0,03) | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2017/2018 (2*10*0,03) | 0,6 |
| 10. | Историја на семејството 1, летен семестар, 2018/2019 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 11. | Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2018/2019 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 12. | Историја на семејството 2, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 13. | Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 14. | Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,03) | 0,9 |
| **3.** | **Подготовка на нов предмет за прв циклус предавања и вежби:** | **7,5** |
| 1. | Историја на семејството 1<br>студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50) | 1,5 |
| 2. | Историја на семејството 2<br>студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50) | 1,5 |
| 3. | Семејството во мултикултурните општества<br>студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50) | 1,5 |
| 4. | Историја на бракот<br>студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50) | 1,5 |
| 5. | Историја на жените<br>студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50) | 1,5 |
| **4.** | **Консултации со студенти** | **1,24** |
| 1. | Консултации со студенти, прв циклус, 2014/2015 (56 *0,002) | 0,11 |
| 2. | Консултации со студенти, прв циклус, 2015/2016 (125*0,002) | 0,25 |
| 3. | Консултации со студенти, прв циклус, 2016/2017 (179*0,002) | 0,35 |
| 4. | Консултации со студенти, прв циклус, 2017/2018 (85*0,002) | 0,17 |
| 5. | Консултации со студенти, прв циклус, 2018/2019 (71*0,002) | 0,14 |
| 6. | Консултации со студенти, прв циклус, 2019/2020 (110*0,002) | 0,22 |
| **5.** | **Ментор на дипломска работа** (2*0,2) | **0,4** |
| **6.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работ** (11*0,1) | **1,1** |
| **7.** | **Интерна скрипта од предавања** | **8** |
| 1. | Интерна скрипта од предавања:<br>Семејството во антиката (1*4) | 4 |
| 2. | Интерна скрипта од предавања:<br>Историја на семејството 1 (1*4) | 4 |
| **8.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **3** |
| 1. | Пакет материјали:<br>Семејството во современото македонско општество (1*1) | 1 |
| 2. | Пакет материјали:<br>Семејството во мултукултурните општества (1*1) | 1 |
| 3. | Пакет материјали: Историја на семејството 2 (1*1) | 1 |
| | **Вкупно** | **54.54** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | **6** |
| 1. | „ The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach” COST Action Project: CA18123 – Assigned Grant Holder: University in Sevilla, Spain. (1*6) | **6** |
| **2.** | **Монографија** | **4,8** |
| 1. | Чепреганов, Т., Цинго Т., **Авировиќ И.**, Николова С. (2016), Велика Британија и идеите за подунавска федерација, конфедерација и унија (документи), Скопје: ЗИРМ. ISBN 978-9989-776-12-0 (1*4,8) | **4,8** |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал “Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.** | **9,5** |
| 1. | **Avirovic, I**., Radulovic, M**.** (2016). Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia European Journal for Social Sciences Education and Reseatcj (EJSER), European Center for Science Education and Research, ISSN 2411-9563 (Print), ISSN 2312-8429 (Online)**,** JANUARY APRIL 2016 (Volume 6, Nr. 2); EBSCO (1*4,5) | 4,5 |
| 2. | **Avirovic, I**. (2017). Marketing in Multicultural Societies: Understanding and Promoting Family Diversity. International Marketing Journal. Skopje: Macedonian Association of Marketing. (Year 3, n. 6) ISSN 1857-9787. EBSCO (1*5) | 5 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подложат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.** | **24** |
| 1. | **Avirovic, I.** (2015). Bulgarian Passports: Existential Necessity or Identity Crisis. The Sociological Review. Skopje: Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy-Department of Sociology, No 2/2015 Volume XVI, ISSN 1409-5513 (print), ISSN 1857-9957 (online), UDK 342.711 (497.2:=163.3) (1*5) | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Авировиќ. И.** (2016). Иселеници повратници: нова перспектива на миграциските истражувања во Македонија. Годишен Зборник на Филозофски Факултет, кн. 69, Скопје, стр.383-392. ISSN 0350-1892 (1*5) | 5 |
| 3. | Николова С., **Авировиќ И.** (2016). Два британски документа за формирањето на Сеамериканскиот словенски конгрес (25 и 26 април 1942 г.) во Детроит. Историја (Journal of History), год. L/LI, Скопје, 2015/2016, бр. 1, ЗИРМ, стр. 217-238. ISSN 0579-0263 (1*4,5) | 4,5 |
| 4. | **Авировиќ. И.** (2017). Влијанието на Католичката црква врз семејството во Италија. Годишен Зборник на Филозофски Факултет, кн. 70, Скопје, стр.447-464. ISSN 0350-1892 (1*5) | 5 |
| 5. | Radulovic, M., **Avirovic, I**. (2018). The Need for Marital Education in Macedonia. International Journal for Education, Research and Training (IJERT). Skopje: Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy-Department of Pedagogy, Vol. 4, Issue 1, June 2018, ISSN 1857-9841 (Printed), ISSN 1867-985X (Online), UDK: 37.017:316.362.3-058.8 (497.7) (1*4,5) | 4,5 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.** | **19.5** |
| 1. | Radulovic, M., **Avirovic, I.** (2016). Youth Perception on Marriage and Married Life: An Analysis from the Republic of Macedonia. Global virtual Conference Proceedings: EDIS – Publishing Institution of the University of Zilina Powered by: Publishing Society, Slovakia. ISSN: 1339-9373, CD ROM ISSN: 1339-2778 ISBN: 978-80-554-1197-2 DOI: 10.18638/gv.2016.4.1 (1*4,5) | 4,5 |
| 2. | **Avirovic, I**. (2017). Is Cohabitation Good for Marriage? A Look into Family Dynamics in Macedonia. Fourth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev. pp. 1099-1113. ISBN 978-608-244-423-9, COBISS. MK-ID 103854858 (1*5) | 5 |
| 3. | Keskinova, A., Radulovic, M., **Avirovic Bundalevska, I.,** Dragovic, I. (2019). Support of Families with a Child with Disabilities in Development. Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev. pp. 815-826. ISBN 978-608-244-647-9, COBISS MK-ID 110919178. (1*3) | 3 |
| 4. | Radulovic, M., **Avirovic Bundalevska, I.,** Keskinova, A. (2019). United Nations' Contribution to Families (Focus on Family International Day). Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev. pp. 901-912. ISBN 978-608-244-647-9, COBISS MK-ID 110919178. (1*5) | 4 |
| 5. | Кескинова, А., Радуловиќ, М., **Авировиќ Бундалевска, И.**, Драговиќ, И. (2019). Семејството и интелектуалната попреченост. Меѓународна научно-стручна конференција: 70 години – организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија. Битола: Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ. стр. 223-231. ISBN 978-608-65438-6-0 (1*3) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **3,8** |
| 1. | **Авировиќ И.** (2016). Италијанската дипломатија и депортацијата на Евреите од Македонија. Меѓународна научна конференција: Дипломатијата и депортацијата на Евреите од Македонија во 1943, Скопје: Дипломатски клуб, стр. 167-187. ISBN 978-608-65989-0-7 (1*2) | 2 |
| 2. | **Avirovic, I.,** Minov, N. (2017). Autonomia a Pindului vidzutã pit documentili ofitsiali (Ciarshar-Yizmãciunj 1917), 100 di anj di proclamarea a Printsipatlui armãnescu Pindu shi 100 di anj di deportarea a Armãnjlor, Materiali di Simpoziumlu internatsional tsãnut pi 13.05.2017 Scopia. pp. 25-41. ISBN 978-608-66076-0-9 (1*1,8) | 1,8 |
| **7.** | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **3** |
| 1. | „Autonomia a Pindului vidzutã pit documentili ofitsiali (Ciarshar-Yizmãciunj 1917)“, 100 di anj di proclamarea a Printsipatlui armãnescu Pindu shi 100 di anj di deportarea a Armãnjlor, Скопје, 13 мај 2017. (1*3) | 3 |
| **8.** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **26** |
| 1. | “Collective Memory of the Macedonian Refugee Children”, 4th Young Scholars Forum on Central and South East Europe, “Remembrance Culture and Common Histories in the Danube Region”, Institute for the Danube Region and Central Europe, Vienna, Austria, November 27-29, 2014. (1*2) | 2 |
| 2. | „Италијанската дипломатија и депортацијата на Евреите од Македонија“, Меѓународна научна конференција: Дипломатијата и депортацијата на Евреите од Македонија во 1943, Дипломатски клуб, Скопје, МНР на РМ, 2015. (1*2) | 2 |
| 3. | “Bulgarian Passports: Existential Necessity or Identity Crisis”, International Scientific Conference: Facing Social Traumas: A Challenge for Sociological Research, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje, April, 2015. (1*2) | 2 |
| 4. | “Migration on the Move: Successful Stories of Return Migrants in Macedonia”, Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, University Goce Delcev, Stip, September, 2015. (1*2) | 2 |
| 5. | “Youth Perception on Marriage and Married Life: An Analysis from the Republic of Macedonia”, The 4th International Global Virtual Conference –GV2016, Managed by: Publishing Society, Slovakia, April 2016. (1*2) | 2 |
| 6. | “Is the Facto Partnership a Threat to Marriage? A case study from Macedonia”, 9th International Conference on Social Sciences-Dubrovnik, April, 2016 (1*2) | 2 |
| 7. | ”The Influence of the Catholic Church on the Family in Italy”, Third International Scientific Conference: Social Change in the Global World, Center for Legal and Political Research, University Goce Delchev, Stip, September, 2016. (1*2) | 2 |
| 8. | “The Need for Marital Education in Macedonia”, International Scientific Conference “Pedagogy in a Modern Global Society”, Institute of pedagogy, Faculty of philosophy, Ohrid, September 2016. (1*2) | 2 |
| 9. | “The Syrian refugee crises through the lenses of social media: Macedonian cases”,” International Scientific conference | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | "Contemporary Migration Trends and Flows on the Territory of Southeast Europe", Department of Ethnology and Cultural Anthropology, Faculty of Humanities and Social Sciences, University of Zagreb, Zagreb, November 2016. (1*2) | |
| 10. | “Is Cohabitation Good for Marriage? A Look into Family Dynamics in Macedonia”, Fourth International Scientific Conference: Social Change in the Global World, University Goce Delcev, Shtip, September 2017. (1*2) | 2 |
| 11. | “Marketing in Multicultural Societies: Understanding and Promoting Family Diversity”, Fourth International Marketing Conference-Innovatively-Inventively-Creativity, Macedonian Association of Marketing, Skopje, April 2017. (1*2) | 2 |
| 12. | “Support of Families with a Child with Disabilities in Development”, Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev, September 2019. (1*2) | 2 |
| 13. | “United Nations’ Contribution to Families (Focus on Family International Day)”, Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev, September 2019. (1*2) | 2 |
| **9.** | **Апстракти објавени во зборник од конференција (меѓународна):** | **5** |
| 1. | **Avirovic, I.**, (2015). Migration on the Move: Successful Stories of Return Migrants in Macedonia, Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, University Goce Delcev, Stip. (1*1) | 1 |
| 2. | **Avirovic, I**. (2016). The Influence of the Catholic Church on the Family in Italy. Third International Scientific Conference: Social changes in the Global World. Stip: Centre for Legal and political research, University Goce Delchev, Book of abstracts. (1*1) | 1 |
| 3. | **Avirovic, I.**, Radulovic, M., (2016). The Syrian refugee crises through the lenses of social media: Macedonian cases. 9th International Conference on Social Sciences. Zagreb: University of Zagreb, USEARCH, EUSER, ICCV-Academia Romana and MCSER-Rome. (1*1) | 1 |
| 4. | **Avirovic Bundalevska, I**. (2019), Италијанското семејство низ историјата, неговата трансформација и влијание во Европа, L’Italianistica nel Terzo millennio: le nuove sfide nelle ricerche linguistiche, letterarie e culturali – 60 anni di studi italiani all’università “SS. Cirillo e Metodio” di Skopje, Facoltà di Filologia “ Blaze Koneski”, Libro degli abstract. (1*1) | 1 |
| 5. | **Avirovic Bundalevska, I.**, Dragovic I. (2019). Religious Tolerance among Youth in the Republic of North Macedonia, 1st European Conference for Religious Dialogue and Cooperation, SS. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy, Skopje, Book of Abstracts. (1*1) | 1 |
| | **Вкупно** | **101,6** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | **0,5** |
| 1. | Предавање пред Форумот на жените социјалистки на трибина на тема: „Жената низ историјата - улогата и положбата на жената во семејството“, Форум на жени на СПМ, 5.3.2016, Штип. (1*0.5) | 0,5 |
| **2.** | **Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик** | **2** |
| 1. | Еванс, Џ. (2014), Велика Британија и формирањето на Југославија, Преговарање за балканската национална припадност и идентитет, Скопје: Арс студио. Стр. 327 ISBN 978-608-239-027-7 (1*1) | 1 |
| 2. | Хрох, М. (2014), Општествени предуслови за националната преродба во Европа, Компаративна анализа на општествениот состав на патриотските групи кај помалите европски нации, Скопје: Арс студио. Стр. 220 ISBN 978-608-239-024-6 (1*1) | 1 |
| **3.** | **Предавање на институции од јавен интерес** | **0.5** |
| 1. | Предавач на интерактивна работилница на тема “Родителството како предизвик на семејствата денес” наменета за родители на деца од претшколска возраст во ЈУОДГ “Орце Николов”, предавач, Скопје, декември 2019. (1*0,5) | 0,5 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| **1.** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно стручно списание:** | **2** |
| 1. | Член на уредувачки одбор на меѓународното стручно списание “International Relations and Diplomacy (ISSN 2328-2134), David Publishing Company, 2015/2016, 2016/2017. (1*1) | 1 |
| 2. | Член на Редакциски одбор на меѓународното стручно списание „Годишен зборник на Филозофски факултет“ во Скопје 2015/16-2019/20. (1*1) | 1 |
| **2.** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | 1 |
| 1. | Член на организационен одбор и учесник на еднодневен семинар на тема „Депортацијата на македонските Евреи“, во организација на Дипломатски клуб – Скопје, Институт за национална историја (ИНИ) и Меморијален центар на холокаустот за Евреите од Македонија, декември 2014, Скопје. (1*0,5) | 0,5 |
| 2. | Член на организационен одбор на дебата на тема „Справување со минатото – историја и политика“, во организација на “Тренинг центар за менаџмент со конфликти (ТЦМЦ), Институт за национална историја (ИНИ) и Здружение на историчарите на Република Македонија (ЗИРМ), декември 2014, Скопје. (1*0,5) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Студиски престој во странство** | **0,5** |
| 1. | Истражувачки период до три месеци во Архив на Југославија и Воен архив во Белград, Србија, во рамките на проектот „Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи 1943“, Дипломатски клуб - Скопје, декември 2014, Белград, Србија. (1*0,5) | 0,5 |
| **4.** | **Член на факултетска комисија** | **7** |
| 1. | Отворен ден на УКИМ, претставување на Филозофскиот факултет и Институтот за семејни студии, 2015. (1*0,5) | 0,5 |
| 2. | Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2015. (1*0,5) | 0,5 |
| 3. | Член на Пописна комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски, 2015. (1*0,5) | 0,5 |
| 4. | Член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Филозофскиот факултет во Скопје, во учебната 2016/17 година, 2016. (1*0,5) | 0,5 |
| 5. | Член на Комисија за расходување на основните средства на Филозофскиот факултет во Скопје, 2016. (1*0,5) | 0,5 |
| 6. | Претседател на Пописна комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски, 2016. (1*0,5) | 0,5 |
| 7. | Отворен ден на УКИМ, претставување на Филозофскиот факултет и Институтот за семејни студии, 2016. (1*0,5) | 0,5 |
| 8. | Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2016. (1*0,5) | 0,5 |
| 9. | Претседател на Комисија за расход на Филозофскиот факултет во Скопје, 2017. (1*0,5) | 0,5 |
| 10. | Член на Комисија за организирање Отворен ден на УКИМ, претставување на Филозофскиот факултет и Институтот за семејни студии, 2017. (1*0,5) | 0,5 |
| 11. | Претседател на Пописна комисија за спроведување на вонреден попис на основни средства на Филозофскиот факултет во Скопје, 2017. (1*0,5) | 0,5 |
| 12. | Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2017. (1*0,5) | 0,5 |
| 13. | Член на Пописна комисија за спроведување на вонреден попис на книги на библиотеките на Институтот за родови студии, Институтот за семејни студии, Институтот за безбедност, одбрана и мир и Институтот за педагодија при Филозофскиот факултет во Скопје, 2019. (1*0,5) | 0,5 |
| 14. | Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2019. (1*0,5) | 0,5 |
| **5.** | **Национален координатор за одредена стручна област:** | **3** |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-310/12
Датум: 08-05-2020
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019) и член 59 став 1 точка 9 од Статутот на Филозофскиот факултет (Универзитетски гласник бр.463/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XXXI** редовна седница одржана на **6.V 2020 год.**, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1212 од 1.IV 2020 година за избор на д-р **Ирена Авировиќ Бундалевска** во наставно-научно звање **вонреден професор**, за следниве наставно-научни области: Друго со шифра 51128 (Семејството во мултикултурните општества), и Друго со шифра 60117 (Историја на семејството).

2. Се избира **д-р Ирена Авировиќ Бундалевска** во наставно-научно звање **вонреден професор**, за следниве наставно-научни области: Друго со шифра 51128 (Семејството во мултикултурните општества), и Друго со шифра 60117 (Историја на семејството).

Со извршениот избор именуваниот/ата засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од 6.V 2020 година.

Со именуваниот/ата ќе се склучи договор за работа.

3. **д-р Ирена Авировиќ Бундалевска** се избира во наставно-научно звање **вонреден професор, за време од пет години.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Вечер" и „Коха" од 31.III 2020 година, се пријави: д-р Ирена Авировиќ Бундалевска.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-310/9 од 16.III 2020 год., беше предложен кандидатот д-р Ирена Авировиќ Бундалевска за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 6.V 2020 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот/ата, досието, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

Декан
на Филозофскиот факултет

проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова